**КРАТКА БИОГРАФИЈА**
**Никола Савовски**

Професионалното искуство го стекнав преку повеќегодишна работа во јавниот сектор и активно учество во функционирањето и управувањето со јавни претпријатија. Во периодот од 2014 до 2018 година работев во администрацијата на ЈП за јавни паркиралишта „Паркинзи на Општина Центар“ – Скопје, каде се стекнав со искуство во организацијата, административното функционирање и обезбедувањето јавни услуги од значење за граѓаните.

Од 2019 до крајот на 2021 година ја извршував функцијата прв претседател на Управниот одбор на ЈП за благосостојба на животни скитници „Лајка“ – Скопје, во периодот на воспоставување и институционално организирање на претпријатието, каде бев директно вклучен во донесувањето стратешки и управувачки одлуки поврзани со програмата за работа и развој, деловната политика, финансиското работење, инвестициите и организацијата на претпријатието, во согласност со надлежностите утврдени со Законот за јавните претпријатија.

Стекнатото искуство ми овозможи продлабочено познавање на системот на управување, одлучување и развој на јавните претпријатија, како и разбирање на процесите на стратешко управување и институционален развој во јавниот сектор. Воедно сум активен член на АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија.

Скопје, 2026 година